Бр./Nr 12-2448/7
13-11-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ("Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, на 41-та седница, одржана на ден 11 Октомври 2020 година донесе

## О д л у к а

Постапката покрената по пријавата бр. 12-2448/1 од 16.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител, а со која се изразуваат сомневања за коруптивни дејствија - незаконитости во постапката за разрешување на вршителот на должност – В.Д. Директор на ------------------------------------------------------------------------------- СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2448 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2448/1 од 16.04.2019 година .

Предметот со број 12 – 2448 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2448 од 2019 година е оформен врз основа на поднесок ---------------------- со бр. 12- 2448/1 од 16.04.2019 година, доставено по електронска пошта, а кое се однесува на незаконитости во постапката за разрешување на вршителот на должност – В.Д. Директор на ----------- ----------------------------------------------. Разрешувањето на В.Д. Директор, според наводите од поднесокот е извршено со Решение на ------------------------------- донесено на ден 29.03.2019 година во периодот на изборниот процес.

Во текот на постапката по предметниот поднесок кон овој предмет е споен и предметот заведен под бр. 12-2261 од 2019 година, оформен врз основа на пријава со бр. 12- 2261/1 од 04.04.2019 година, доставена до Државната комисија по електронска пошта, а со која, исто така, се укажува на незаконитости во постапката за разрешување на вршителот на должност – В.Д. Директор на ------------------------------- и предметното разрешување на В.Д. Директорот се поврзува со Решението на ------------------------ донесено на ден 29.03.2019 година во периодот од денот на донесувањето на одлуките за распишување избор за претседател на Република Македонија и за распишување на предвремени избори за градоначалници.

При постапувањето на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот/ите, како е погоре наведено, а заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши и соодветни административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава на барање за вршење на инспекциски надзор и за достава на податоци, информации и документација од Државниот просветен инспекторат.

Последователно, по достава на барањето, до Државната комисија за спречување на корупцијата беше/е доставен писмен одговор – Записник од извршен вонреден инспекциски надзор во --------------------------------- , од Државниот просветен инспекторат, со прилог списи, кој се темели на непосреден увид во евиденцијата и документацијата, како и на разговори со лицата присутни на надзорот.

Од сите прибавени и расположиви списи и документација за овој пријавен случај Државната комисија констатира дека во --------------------------- во периодот Ноември 2018 – Мај 2019 година биле во повеќе наврати вршени избор/и и разрешување/а на директор – од страна на ------------------------------------ како и од страна на --------------------------- – согласно со Решението ----------------------------------- од 13.02.2019 година за ------------------------- на работи од надлежност на ------------------------------------------------. Имено, видно од Записникот за извршениот вонреден инспекциски надзор може да се утврди дека првото разрешување на директорот на ова ----------------------, е извршено од страна на --------------------------- - со Решение бр. ---------------------2018 година, пред истекот на неговиот мандат во траење од четири години сметано од денот на неговиот избор на оваа функција извршен од страна на -------------------------------- со Решение бр. ------------------------- 2018 година. Истовремено со разрешувањето на директорот ---------------------- со Решение бр. --------------------------------.2018 година за ВД Директор на ова ------------------ именува лицето -----------------------------. Против решението за негово разрешување, разрешениот директор во законски дозволениот рок поднел жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен која, постапувајќи по жалбата, со свое Решение, донесено на ден --------------------2019 година го поништила решението за разрешување и предметот го вратила на повторно одлучување. При повторното одлучување, во услови на ----------------------------------------, ------------------------ со Решение бр. ---------------------2019 година го укинува Решението за именување на ВД директор ------------------- на лицето ---------------------- – заради постапување по Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен , по што истото, заедно со други донесени решенија, подоцна со Решение бр. -------------------------2019 година било прогласено за ништовно од причини што не може да се изврши во периодот додека во државата трае изборниот процес. Решението за именување на ВД директор --------------------- на лицето ---------------------------- било, согласно со Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, укинато со Решение бр. --------------------------------2019 година, а при тоа бил земен во предвид и фактот дека ова именувано лице не ги исполнува условите за директор на ---------------------------------- училиште согласно со член 91 ст. 2 од Законот за --------------образование, а што било/е утврдено при вршење на инспекциски надзор за кој бил сочинет Записник ИП1 бр. ------------------------------------------ година.

Оттука, по однос на предметното разрешување на кое се однесуваат поднесените поднесок – ---------------------- и пријава доставени до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија констатира дека сомневањата изнесени во истите се неосновани и не се потврдуваат, а дека по одредени аспекти на случајот постапувале и други надлежни органи – Управниот суд , односно и Вишиот управен суд.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 11 Октомври 2020 година под бр. 12- 2448/7**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК

Изработил: Х.М., Советник

Одобрил Г. Т., Член на ДКСК

Доставено до :

- Архива
- Подносител